# Владеење на правото во поглед на пристапувањето во ЕУ

краток документ

октомври-декември 2023

Институт за европска политика. Скопје

ЕУ со ТЕБЕ

Овој проект е финансиран од Европската унија



# Владеење на правото во поглед на пристапувањето во ЕУ

Квартален извештај октомври-декември 2023


Издавач:
Институт за европска политика - Скопје

За издавачот:
д-р Симонида Кацарска

Уреднички:
д-р Симонида Кацарска
д-р Ардита Абази Имери



Автори:
Ангела Делевска
Беба Жагар
Јулијана Караи
Цветанка Александроска



Превод од англиски на македонски јазик:
Ана Попова Манасиевска

Лектор:
Дејан Василевски

Графички дизајн:
Релатив

Скопје, 2023

Овој извештај е подготвен во рамки на проектот „Градиме мостови за заедничка иднина: Владеењето на правото во насока на пристапувањето во ЕУ“, финансиран од Европската Унија. Содржината на овој краток документ за политики е единствена одговорност на авторите и на никој начин не може да се смета дека ги претставува ставовите и гледиштата на Европската Унија.



Овој краток извештај ги резимира клучните случувања во однос на владеењето на правото во поглед на пристапувањето на Република Северна Македонија во ЕУ за периодот октомври-декември 2023 година. Во него се дадени резултатите од **следење на основните аспекти за пристапување во ЕУ, како и главните настани поврзани со функционирањето на демократските институции, реформата на јавната администрација и Поглавјето 23: Судство и основни права.**

## Клучни случувања

- На 4 декември 2023 година беа официјално определени датумите за претседателски и парламентарни избори, и тоа за 24 април и 8 мај 2024 година. Преодната влада треба да стапи на должност на 28 јануари 2024 година, со што ќе почне важен период пред изборите;
- На 20 ноември 2023 година е донесен нов Деловник за работа на Собранието;
- На 14 и 15 декември 2023 година, Европскиот совет ја истакна подготвеноста на ЕУ да ги унапреди пристапните преговори со Република Северна Македонија. Сепак, напредокот зависи од тоа дали Република Северна Македонија ќе ги донесе уставните амандмани;
- На 6 декември 2023 година, Владата ја разгледа и ја донесе Стратегијата за транспарентност, придружена со Акциски план за периодот 2023-2026 година;
- На 26 декември 2023 година, на конститутивната седница на Советот на РЈА беше претставен Петтиот годишен извештај за спроведување на Стратегијата за РЈА 2018-2022 година и на Акцискиот план за 2022 година;
- По долго одложување, на 26 декември 2023 година, Владата ја разгледа и ја донесе Развојната секторска стратегија за правосудство (2024-2028) заедно со Акцискиот план;
- Формирана е работна група за измена и дополнување на Законот за Судски совет за решавање на утврдените правни недостатоци на Советот, како што е нагласено во годишниот извештај на Европската комисија за Република Северна Македонија;
- Управниот суд донесе финална пресуда со која одлуката за разрешување на поранешниот претседател на Судскиот совет ја оцени како незаконска;
- Наводите за политички притисок врз судиите на Врховниот суд, обелоденети од претседателката на судот во интервју, предизвикаа член на Судскиот совет да иницира истрага за нејзината одговорност;
- Одлуката на Судскиот совет за намалување на платата на судијата за 20% во период од шест месеци, поради одложувањата во случајот „Таргет-Тврдина“, предизвикаа јавна анализа поради согледани недоследности во дисциплинските мерки;
- Постапката за именување нов државен јавен обвинител беше одложена, поради што беше именуван вршител на должноста обвинител до завршување на изборната постапка;
- Во декември 2023 година беше избран новиот состав на Државната комисија за спречување на корупцијата, чиј мандат ќе почне на 8 февруари 2024 година;
- Последните измени на Кривичниот законик, кои беа оценети како многу спорни, воведоа неколку одредби за застареност на некои дела, кои ќе доведат до прекинување на неколку постапки за корупција од висок профил;
- Донесен и објавен е Законот за системот за проценка на лицата со попреченост;
- Донесена е Националната стратегија за правата на лицата со попреченост 2023-2030 година, со Акциски план за 2023-2026 година;
- Избрани се нов претседател и заменик-претседател на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација. Поради претстојното истекување на мандатот на двајца членови и две испразнети позиции, беа предложени четворица нови членови за комплетирање на составот на Комисијата. Сепак, предлогот содржи правни неправилности и отстапувања од плурализмот и системот заснован на заслуги, што предизвикува загриженост доколку тој биде одобрен од Собранието;
- Беа донесени и објавени измени на Законот за пријавување на постојан и привремен престој на граѓаните и на Законот за лични карти.



# Список на кратенки

| | |
|---|---|
| АА | Алијанса за Албанците |
| ААВМУ | Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги |
| АКМИС | Автоматизиран информациски систем за управување со судски предмети |
| ЗНМ | Здружение на новинари на Македонија |
| ОЈОГОКК | Основно јавно обвинителство за гонење организиран криминал и корупција |
| КСЗД | Комисија за спречување и заштита од дискриминација |
| ДЦАФ | Женевски центар за управување со безбедносниот сектор |
| ДУИ | Демократска унија за интеграција |
| ЕК | Европска комисија |
| ЕКЧП | Европска конвенција за човекови права |
| ЕСЧП | Европски суд за човекови права |
| ЕУ | Европска унија |
| ГРЕКО | Група држави против корупција |
| ХКЧП | Хелсиншки комитет за човекови права |
| ИКТ-совет | Совет за координирање на информатичко-комуникациска технологија во правосудните органи |
| ИРЛ | Лабораторија за истражувачко новинарство |
| МОН | Министерство за образование и наука |
| МИОА | Министерство за информатичко општество и администрација |
| МВР | Министерство за внатрешни работи |
| МРТ | Македонска радио-телевизија |
| МЗМП | Македонско здружение на млади правници |
| НВО | Невладина организација |
| МЗД | Мрежа за заштита од дискриминација |
| ОДИХР | Канцеларија на ОБСЕ за демократски институции и човекови права |
| ОБСЕ | Организација за безбедност и соработка во Европа |
| ОТА | Оперативно-техничка агенција |
| ПАР | Реформа на јавната администрација |
| АЗЛП | Агенција за заштита на лични податоци |
| ДКСК | Државна комисија за спречување на корупцијата |
| СДСМ | Социјалдемократскиот сојуз на Македонија |
| СЕП | Секретаријат за европски прашања |
| ДИК | Државната изборна комисија |
| СЛАПП | Стратешка тужба против учество на јавноста |
| ССНМ | Самостоен синдикат на новинари и медиумски работници |
| ТАЕКС | Инструмент за техничка помош и размена на информации на Европската комисија |
| УПОЗ | Синдикатот на работниците од администрацијата, правните органи и здруженијата на граѓани на Македонија |
| САД | Соединетите Американски Држави |
| ВМРО-ДПМНЕ | Внатрешна македонска револуционерна организација – Демократска партија за македонско национално единство |



# Содржина


**Функционирање на демократските институции** ..... **6**

Избори ..... 7
Собрание ..... 8
Управување ..... 9
Граѓанско општество ..... 12
Цивилен надзор врз безбедносниот/разузнавачкиот сектор ..... 12
Реформа на јавната администрација ..... 13

**Поглавје 23** ..... **14**

Функционирање на судството ..... 15
- Стратешки документи ..... 15
- Органи на управување ..... 15
- Независност и непристрасност ..... 16
- Отчетност ..... 17
- Професионализам и надлежност ..... 18
- Квалитет на правдата ..... 19
- Ефикасност ..... 20

Борба против корупција ..... 21
- Државна комисија за спречување на корупција ..... 21
- Јавно обвинителство ..... 22
- Правна рамка ..... 23

Основни права ..... 24
- Судска практика на Европскиот суд за човекови права ..... 24
- Народен правобранител ..... 25
- Мачење или друго сурово, нехумано или понижувачко постапување или казнување ..... 26
- Затворски и притворски установи ..... 26
- Заштита на личните податоци ..... 27
- Слобода на мислата, совеста и религијата ..... 27
- Слобода на изразување ..... 28
- Ранливи групи и начелото на недискриминација ..... 29
- Род ..... 31
- Роми ..... 32

# Функционирање на демократските институции



# Избори

На почетокот на октомври, лидерот на партијата ВМРО-ДПМНЕ повика на лидерска средба на која ќе се одлучува за датумите на парламентарните и претседателските избори и покрај тоа што Владата дава приоритет на уставните амандмани.[1] Претседателот на Собранието ги повика лидерите да одлучат пред крајот на годината, нагласувајќи дека потоа следуваат регуларни избори.[2]

На 12 октомври, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ААВМУ), во соработка со релевантните институции и со Организацијата за безбедност и соработка во Европа (ОБСЕ)/ експертска помош на Канцеларијата на ОБСЕ за демократски институции и човекови права (ОДИХР), донесе Кодекс за однесување во онлајн-просторот за време на изборни процеси и референдуми. Координативно тело формирано од претставници од различни организации ќе го надгледува почитувањето на овој доброволен кодекс, кој не ги заменува постојните закони и подзаконски акти.[3]

На 19 октомври, независен кандидат, универзитетски професор и инфектолог, ја објави својата кандидатура за претседателските избори, очекувајќи поддршка од ВМРО-ДПМНЕ.[4] Во текот на целиот месец, власта и опозицијата, особено ВМРО-ДПМНЕ и Алијансата за Албанците (АА), не можеа да се согласат околу времето на изборите. ВМРО-ДПМНЕ се заложуваше за истовремени парламентарни и претседателски избори,[5] став што го дели и АА.[6] Во рамките на Министерството за правда беше формирана работна група за измена на Изборниот законик, со инкорпорирање на препораките на ОБСЕ и ОДИХР. Премиерот предложи оваа работна група да се искористи и за да се разговара и да се одреди точниот датум за претстојните избори.[7] Лидерот на ВМРО-ДПМНЕ тврдеше дека неговата партија ќе го изнесе нивниот став во Собранието, отфрлајќи ја надлежноста на Министерството за правда да одредува датуми за избори.[8]

Во ноември, албанските опозициски партии, вклучувајќи ги Алтернатива, Беса и Демократското движење, го формираа блокот „Европска алијанса за промени“ за претстојните парламентарни избори. И покрај тоа што бараше соработка, АА одлучи да води независна кампања.[9] Опозицијата

1 Веќе во понеделник можеме да гласаме за уставните амандмани, па да продолжиме со изборите, Радио слободна Европа, 5 октомври 2023, https://www.slobodnaevropa.mk/a/32624864.html.

2 Џафери – Ако има волја за лидерска, јас ќе ја почитувам, Радио слободна Европа, 9 октомври 2023, https://www.slobodnaevropa.mk/ a/32629908.html.

3 Промовиран Кодексот за однесување во онлајн-просторот за време на изборни процеси и референдуми, Нова Македонија, 12 октомври 2023, https://novamakedonija.com.mk/makedonija/politika/promoviran-kodeksot-za-odnesuvanje-vo-onlajn-prostorot-za-vreme-na-izborni-procesi-i-referendumi/.

4 Вело Марковски најави независен настап на претседателските избори, но вели дека очекува поддршка од ВМРО-ДПМНЕ, ***360*** степени, 19 октомври 2023, https://360stepeni.mk/velo-markovski-najavi-nezavisen-nastap-na-pretsedatelskite-izbori-no-veli-oti-ochekuva-poddrshka-od-vmro-dpmne/.

5 СДСМ и ВМРО-ДПМНЕ со различни ставови кога би се одржале претседателските и парламентарните избори, ***Meta.mk***, 27 октомври 2023, https://meta.mk/sdsm-i-vmro-dpmne-so-razlichni-stavovi-koga-bi-se-odrzhale-pretsedatelskite-i-parlamentarnite-izbori/.

6 И Таравари смета дека претседателските и парламентарните избори треба да се одржат заедно, ***360*** степени, 14 октомври 2023, https://360stepeni.mk/i-taravari-smeta-deka-pretsedatelskite-i-parlamentarnite-izbori-treba-da-se-odrzhat-zaedno/.

7 Ковачевски ја повика ВМРО-ДПМНЕ да учествува во работната група за изборите, Радио слободна Европа, 27 октомври 2023, https://www.slobodnaevropa.mk /a/32656561.html.

8 Мицкоски со уште еден повик до власта за дефинирање датум за избори, но не во рамките на работната група за Изборниот законик, ***360*** степени, 28 октомври 2023, https://360stepeni.mk/mitskoski-so-ushte-eden-povik-do-vlasta-za-definirane-datum-za-izbori-no-ne-vo-ramki-na-rabotnata-grupa-za-izborniot-zakonik/.

9 Албанската опозиција се здружи во коалицијата „Европски сојуз за промени“, Радио слободна Европа, 5 ноември 2023, https://www.slobodnaevropa.mk/a/32671901.html.

на седми ноември објави дека предложила кандидат за испразнетото место во Државната изборна комисија (ДИК).[10] Обвинувајќи го претседателот на Собраниската комисија за прашања на изборите и именувањата, заедно со Социјалдемократскиот сојуз на Македонија (СДСМ) и Демократската унија за интеграција (ДУИ) за попречување на процесот,[11] тие предупредија дека ќе го напуштат Собранието доколку до 31 декември не се избере член на ДИК.[12]

На четврти декември беше одлучено првиот круг од претседателските избори да се одржи на 24 април, вториот круг и парламентарните на осми мај.[13] Преодната влада, предводена од моменталниот претседател на Собранието од политичката партија ДУИ, треба да ја преземе функцијата на 28 јануари.[14]

# Собрание

Собраниската анкетна комисија за скандалот на Клиниката за онкологија, задолжена да ја испита злоупотребата на лековите за рак, почна со работа на петти октомври.[15] На крајот на мандатот, Комисијата не можеше да постигне консензус за тоа кој треба да ја сноси политичка одговорност.[16] На десетти октомври беше согледана потребата од нов Деловник за работа на Собранието,[17] по што тој беше донесен на 20 ноември со одредени тензии.[18] Во истиот месец, претседателот на Комисијата за европски прашања ја истакна потребата од парламентарно вклучување во Берлинскиот процес[19], развивање механизми за одговорност на владата и споделување информации со Собранието по секој самит.[20] Конференцијата за меѓупарламентарен дијалог за европска интеграција на Западен Балкан, заеднички

10 Мeџити: Албанската опозиција го предлага Абдуш Демири за член на ДИК, ***360*** степени, 7 ноември 2023, https://360stepeni.mk/medhiti-albanskata-opozitsija-go-predlaga-abdush-demiri-za-chlen-na-dik/.

11 Зендели: Имаме 80 гласа, со македонската опозиција сме хармонизирани, власта прави опструкција за избор на нов член на ДИК, ***360*** степени, 12 декември 2023, https://360stepeni.mk/zendeli-imame-80-glasa-so-makedonskata-opozitsija-sme-harmonizirani-vlasta-pravi-opstruktsija-za-izbor-na-nov-chlen-na-dik/.

12 Опозициските партии на Албанците ќе го бојкотираат парламентот ако не добијат член во ДИК до крајот на годината, ***360*** степени, 22 декември 2023, https://360stepeni.mk/zendeli-imame-80-glasa-so-makedonskata-opozitsija-sme-harmonizirani-vlasta-pravi-opstruktsija-za-izbor-na-nov-chlen-na-dik/.

13 Партиите договорија техничка влада од 28 јануари и двојни избори на 8 мај, ***Meta.mk***, 4 декември 2023, https://meta.mk/partiite-dogovorija-tehnichka-vlada-od-28-januari-i-dvojni-izbori-na-8-maj/.

14 ДУИ го избра Талат Џафери за технички премиер, ќе стапи на функција на 28 јануари, ***Meta.mk***, 8 декември 2023, https://meta.mk/dui-go-izbra-talat-djaferi-za-tehnichki-premier-kje-stapi-na-funkcija-na-28-januari/.

15 Од утре почнува со работа Анкетната комисија за случувањата на Онкологија, ***360*** степени, 4 октомври 2023, https://360stepeni.mk/od-utre-pochnuva-so-rabota-anketnata-komisija-za-sluchuvanata-na-onkologija/.

16 Власта и опозицијата со различни заклучоци на Анкетната комисија за Онкологија, ***360*** степени, 27 ноември 2023, https://360stepeni.mk/vlasta-i-opozitsijata-so-razlichni-zakluchotsi-na-anketnata-komisija-za-onkologija/.

17 Комисијата за деловнички прашања утврди потреба од носење нов Деловник на Собранието, официјална интернет-***страница*** на Собранието на РСМ, 10 октомври 2023, https://www.sobranie.mk//ns-newsarticle-komisijata-za-delovnicki-prasana-utvrdi-potreba-od-nosene-nov-delovnik-na-sobranieto.nspx.

18 Собранието го изгласа новиот Деловник, инцидентот со Левица ја „онеспособи" салата, Радио Слободна Европа, 20 ноември 2023, https://www.slobodnaevropa.mk/a/32692667.html.

19 Да се вклучи Парламентот во Берлинскиот процес, официјална интернет-***страница на Собранието на Република Северна Македонија***, 13 октомври 2023, https://www.sobranie.mk//ns-newsarticle-da-se-vkluci-parlamentot-vo-berlinskiot-proces.nspx.

20 Отчетност на Берлинскиот процес, официјална интернет-***страница на Собранието на Република Северна Македонија***, 16 октомври 2023, https://www.sobranie.mk//ns-newsarticle-otcetnost--na-berlinskiot-proces.nspx.

организирана од Парламентарното собрание на Советот на Европа и Собранието на Република Северна Македонија, се одржа на 20 октомври и имаше цел да им обезбеди на парламентарците од регионот широка платформа за соработка и дијалог.[21]

На 22 и 23 ноември во Стразбур се одржа 22. состанок на Мешовитиот парламентарен комитет ЕУ-Република Северна Македонија, на кој[22] беа опфатени различни теми.[23] Делегација на Комисијата за европски прашања учествуваше како набљудувач на Конференцијата на парламентарните комисии за прашања на Унијата, одржана во Мадрид, Шпанија, од 26 до 28 ноември.[24] Четвртиот дијалог „Жан Моне“ се одржа од седми до деветти декември во Базош, Франција, посветен на успешно завршување на процесот на пристапување на Република Северна Македонија во ЕУ преку заедничка работа на сите политички партии во јавен интерес.[25]

На 13 декември беше пуштено во употреба[26] собраниското ТВ-студио, што беше поддржано од Програмата за поддршка на Собранието за зголемување на транспарентноста[27]. Покрај тоа, на 15 декември беше претставена веб-апликацијата Регистар на организации, формиран со поддршка од истата Програма со цел дигитализација на парламентарните служби што работат со регистрирани организации.[28]

# Управување

Во октомври, Владата продолжи со напори да се реализираат уставните амандмани. Премиерот предложи донесување на уставните амандмани и веднаш да се одреди датум за предвремени парламентарни избори како одговор на барањата на лидерот на ВМРО-ДПМНЕ.[29] Наспроти тоа, лидерот на ДУИ посочи дека ќе има редовни парламентарни избори, но дека неговата партија ќе биде подготвена да се повлече од Владата по донесувањето на амандманите.[30]

21 Конференција за меѓупарламентарен дијалог за евроинтеграција на Западен Балкан, официјална интернет-*страница на Собранието на Република Северна Македонија*, 20 октомври 2023, https://www.sobranie.mk//ns-newsarticle-konferencija-za-meguparlamentaren-dijalog-za-evrointegracija-na-zapaden-balkan.nspx.

22 Прв ден 22. состанок МПК-Република Северна Македонија и ЕУ, официјална интернет-*страница на Собранието на Република Северна Македонија*, 23 номеври 2023, https://www.sobranie.mk//ns-newsarticle-prv-den-22-sostanok-mpk-republika-severna-makedonija-i-eu.nspx.

23 Втор ден работа на Мешовитиот парламентарен комитет и усвојување на заедничките препораки, официјална интернет-*страница на Собранието на Република Северна Македонија*, 23 ноември 2023, https://www.sobranie.mk//ns-newsarticle-vtor-den-rabota-na-mesovitiot-parlamentaren-komitet-i-usvojuvane-na-zaednickite-preporaki.nspx.

24 Делегација на Комисијата за европски прашања на 70. пленарен состанок на КОСАК, официјална интернет-*страница на Собранието на Република Северна Македонија*, 27 ноември 2023, https://www.sobranie.mk//ns-newsarticle-delegacija-na-komisijata-za-evropski-prasana-na-70-plenaren-sostanok-na-kosak.nspx.

25 Дијалогот „Жан Моне“ заокружен во Базош, Франција, Независен весник, 9 декември 2023, https://nezavisen.mk/dijalogot-zhan-mone-zaokruzhen-vo-bazosh-francija/.

26 Пуштено во употреба собраниското студио и означен почетокот на втората фаза на „Програмата за парламентарна поддршка“, официјална интернет-*страница на Собранието на Република Северна Македонија*, 13 декември 2023, https://www.sobranie.mk//ns-newsarticle-pusteno-vo-upotreba-sobraniskoto-studio-i-oznacen-pocetokot-na-vtorata-faza-na-programata-za-parlamentarna-poddrska.nspx.

27 Свечено отворање на собраниското ТВ-студио, ***Vesti.mk***, 13 декември 2023, https://www.vesti.mk/article/65794de1c7fafdbd4ea83fd6.

28 Во Собранието презентирана веб-апликацијата „Регистар на организации“, Канал 5, 15 декември 2023, https://kanal5.com.mk/vo-sobranieto-prezentirana-veb-aplikacijata-registar-na-organizacii/a616544.

29 Ковачевски – Уште во понеделник може да ги изгласаме уставните измени, па да одиме на избори.

30 Ахмети: Парламентарните избори ќе бидат во редовен термин, Радио слободна Европа, 10 октомври 2023, https://www.slobodnaevropa.mk/a/32631629.html.

За време на нејзината посета во октомври, претседателката на Европската комисија (ЕК) нагласи дека Република Северна Македонија е одговорна за сопствените одлуки.[31] Нејзината посета, исто така, беше искористена за да се претстави новиот План за раст на регионот.[32] На 17 ноември Скопје беше домаќин на првиот регионален министерски состанок за Планот за раст.[33]

На осми ноември беше објавен извештајот на ЕК за напредокот на Република Северна Македонија во кој се изрази загриженост за поделеното политичко опкружување,[34] што предизвика меѓусебни обвинувања меѓу владата и ВМРО-ДПМНЕ.[35] Последната скрининг средба меѓу Европската комисија и Република Северна Македонија се одржа на седми декември.[36]

Затоа што не беше постигнат консензус за уставните амандмани, Европскиот совет на 14 и 15 декември објави заклучоци во кои се истакна подготвеноста на Европската унија (ЕУ) да продолжи со следната фаза од пристапните преговори, но само откако Република Северна Македонија ќе ја исполни својата обврска.[37] Вицепремиерот за европски прашања на 27 декември потврди дека до ЕУ биле одобрени и доставени реформските патокази, нагласувајќи дека сè уште е актуелно барањето за донесување уставни амандмани.[38]

Истражување спроведено во декември утврди историски најниско ниво на поддршката на граѓаните за членство во ЕУ, само 60% се изјасниле за,[39] при што младите на возраст меѓу 18 и 24 години се најевроскептични.[40]

---

31 Фон дер Лајен – Изборот е ваш, сите партии имаат одговорност за иднината, 30 октомври 2023, https://www.slobodnaevropa.mk/a/fon-der-lajen---izborot-e-vash-site-partii-imaat-odgovornost-za-idninata/32659884.html.

32 Изјава на претседателот со Димитар Ковачевски, Европска комисија, 30 октомври 2023, https://ec.europa.eu/commission/presscorner/detail/en/statement_23_5441.

33 Прв регионален министерски состанок за Планот за раст за Западен Балкан – почетна точка за спроведување на реформите за побрза интеграција во ЕУ, официјална интернет-***страница на Министерството за финансии***, 21 ноември 2023, https://finance.gov.mk/2023 /11/17/прв-регионален-минстерски-состанок-з/.

34 ЕК го објави Извештајот за Северна Македонија: Нема напредок во судството и во борбата против корупцијата, има длабока политичка поларизација, ***360*** степени, 8 ноември 2023, https://360stepeni.mk/ek-go-objavi-izveshtajot-za-s-makedonija-nema-napredok-vo-sudstvoto-i-vo-borbata-protiv-koruptsijata-ima-dlaboka-politichka-polarizatsija/.

35 ВМРО-ДПМНЕ: Извештајот на ЕК потврди дека наместо да работи на реформи, власта е насочена кон погрешни цели, ***360*** степени, 8 ноември 2023, https://360stepeni.mk/vmro-dpmne-izveshtajot-na-ek-potvrdi-deka-namesto-da-raboti-na-reformi-vlasta-e-nasochena-kon-pogreshni-tseli/; „Маричиќ: Продолжувањето на преговорите со ЕУ не зависи од Извештајот на ЕК, туку од уставните измени, ***360*** степени, 9 ноември 2023, https://360stepeni.mk/marichik-prodolzhuvaneto-na-pregovorite-so-eu-ne-zavisi-od-izveshtajot-na-ek-tuku-od-ustavnite-izmeni/.

36 Скрининг-состаноците завршија како дел од процесот на скрининг со Албанија и Северна Македонија, официјална интернет-страница на Европската комисија, 8 декември 2023, https://neighbourhood-enlargement.ec.europa.eu/news/screening-meetings-completed-part-screening-process-albania-and-north-macedonia-2023-12-08_en.

37 „Состанок на Европскиот совет (14 и 15 декември 2023 година) – заклучоци“, Европски совет, 15 декември 2023, https://www.consilium.europa.eu/media/68967/europeancouncilconclusions-14-15-12-2023-en.pdf.

38 Маричиќ: 2023 е година на успешен скрининг, 2024 да биде година на обновен политички консензус за остварување на целта – Членство во ЕУ до 2030, ***24.mk***, 27 декември 2023, https://24.mk/details/marichikj-2023-e-godina-na-uspeshen-skrining-2024-da-bide-godina-na-obnoven-politichki-konsenzus-za-ostvaruvanje-na-celta-chlenstvo-vo-eu-do-2030.

39 Истражување на Институтот за демократија: Поддршката за членство на С. Македонија во ЕУ паѓа во континуитет, ***360*** степени, 18 декември 2023, https://360stepeni.mk/istrazhuvane-na-institut-za-demokratija-poddrshkata-za-chlenstvo-na-s-makedonija-vo-eu-paga-vo-kontinuitet/.

40 Паѓа поддршката за членство во ЕУ, младите се евроскептични, Радио слободна Европа, 18 декември 2023, https://www.slobodnaevropa.mk/a/pagja-poddrshkata-za-chlenstvo-vo-eu-mladite-se-evroskeptichni/32735820.html.

На средината на ноември, Владата го одобри предлог-буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година, со вредност од 5,5 милијарди евра.[41] Деветтиот пакет антикризни мерки во вредност од 662 милиони евра беше претставен на 28 ноември и стапи на сила на први декември.[42]

На петти декември Стејт департментот на САД му забрани влез во САД на поранешен вицепремиер на Република Северна Македонија поради злоупотреба на службената положба за сопствени деловни интереси.[43] По соопштението на Стејт департментот на САД, Министерството за надворешни и европски работи и трговија на Малта ја прекина неговата функција на почесен конзул.[44] На 22 декември, владата објави дека ќе донесе закон со кој ќе се овозможи отворање постапки против поединци санкционирани од САД.[45]

Владата на седницата на шести декември ја разгледа и ја донесе Стратегијата за транспарентност, заедно со Акцискиот план за 2023-2026 година[46]. Фондацијата „Метаморфозис“ објави „Проценка на доброто владеење во Северна Македонија и регионот преку Индексот на отвореност“, во кое се истакнаа разликите во транспарентноста меѓу различните институции. Според оцената, Министерството за одбрана е прворангирана институција во однос на исполнувањето на индикаторите за отвореност. За разлика од нив, најниско рангирани институции се Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците, Управата за финансиска полиција и Секретаријатот за европски прашања (СЕП). Извршната власт генерално постигнува највисоки резултати (60,44%) во исполнувањето на индикаторите за транспарентност и најниска (52,82%) за ефикасност.[47]

41 Владата го усвои предлог-буџетот за 2024 година, кој ќе тежи 5,5 милијарди евра*,* Мета.мк, 14 ноември 2023, https://meta.mk/vlada-go-usvoi-predlog-budjetot-za-2024-godina-koj-kje-tezhi-55-milijardi-evra/.

42 Антикризни мерки во вредност од 662 милиони евра: Поддршка за учениците, пензионерите и компаниите, Радио слободна Европа, 28 ноември 2023, https:// www.slobodnaevropa.mk/a/32703393.html.

43 Црвен картон од САД за Кочо Анѓушев – прогласен за неподобен за влез во земјата, ***Meta.mk***, 5 декември 2023, https://meta.mk/crven-karton-od-sad-za-kocho-angjushev-proglasen-za-nepodoben-za-vlez-vo-zemjata/.

44 По забраната за влез во САД, Анѓушев повеќе не е почесен конзул на Малта, Радио слободна Европа, 7 декември 2023, https:// www.slobodnaevropa.mk/a/32720000.html.

45 Владата со законски измени – за лицата на „црната листа“ на САД ќе се отвораат постапки, ***Meta.mk***, 22 декември 2023, https://meta.mk/vladata-so-zakonski-izmeni-za-licata-na-crnata-lista-na-sad-kje-se-otvoraat-postapki/.

46 Усвоена Стратегијата за транспарентност на Владата со Акциски план 2023-2026 година, ***Meta.mk***, 7 декември 2023, https://meta.mk/usvoena-strategijata-za-transparentnost-na-vladata-so-akciski-plan-2023-2026-godina/.

47 Индекс на отвореност: Министерството за одбрана на прво место по отвореност, министерството на Груби најдолу на листата, ***Meta.mk***, 7 декември 2023, https://meta.mk/indeks-na-otvorenost-ministerstvoto-za-odbrana-na-prvo-mesto-po-otvorenost-ministerstvoto-na-grubi-najdolu-na-listata/.

# Граѓанско општество

Бојкотот на Советот за соработка меѓу владата и граѓанското општество продолжи. Илустративен пример за недостаток на соработка беше подготвителниот работен состанок на Меѓуресорското тело за антикорупциски активности на деветти октомври, на кој не присуствуваа граѓанските организации.[48] Сепак, за време на конститутивната седница на телото на 16 ноември, членовите ги одобрија предлог-политиките на вицепремиерот задолжен за добро владеење за вклучување на набљудувачи од граѓанските организации на јавните седници, со цел да се обезбеди транспарентност и инклузивност во процесот.[49]

# Цивилен надзор на безбедносниот/ разузнавачкиот сектор

На осми ноември, Народниот правобранител и Женевскиот центар за управување со безбедносниот сектор (ДЦАФ) организираа конференција во Скопје, на која се разговараше за „надзорната улога на Народниот правобранител врз безбедносниот сектор за заштита на правата на граѓаните“. И покрај законските одредби што дозволуваат надзор над работењето на Националната агенција за безбедност, беше утврдено дека недостига надзор во практиката. Ниту еден претставник на Агенцијата за национална безбедност не присуствуваше на конференцијата.[50]

На 27 номеври беше избран нов директор на Оперативно-техничката агенција (ОТА), по едногласна препорака на Комисијата за прашања на изборите и именувањата.[51]

На почетокот на декември, пратеник ја обвини ОТА дека набавила систем за следење на комуникациите, тврдејќи дека е можно да постои неовластен пристап до уредите и сообраќајот на интернет. Тој тврдеше дека МВР и Јавното обвинителство знаеле за набавката, но не презеле ништо, но обвинетите институции демантираат дека постои неовластено следење.[52]

Претседателот на Собранието на 13 декември оствари средба со директорот на ДЦАФ, на која му го пренесе задоволството од изградбата и реализацијата на безбедна комора во Собранието наменета за доверливи состаноци на надзорните работни групи. Дополнително, тој сподели новости за тековниот изборен процес на Советот за цивилен надзор.[53]

---

48 Владата и невладините во клинч – соработка на „стаклени нозе“, Радио слободна Европа, 23 октомври 2023, https://www.slobodnaevropa.mk/a/ vladata-i-nevladinite-vo-klinch---sorabotka-na-stakleni-noze-/32638283.html.

49 Прва седница на Меѓуресорското тело за координација на активностите против корупцијата, ***официјална*** интернет-***страница на Владата на Република Северна Македонија***, 1 ноември 2023, https://vlada.mk/node/35168.

50 Никој не го слуша Омбудсманот за прислушувањето, ***360*** степени, 12 ноември 2023, https://360stepeni.mk/video-nikoj-ne-go-slusha-ombudsmanot-za-prislushuvaneto/.

51 Марија Јаничевска е предлогот за директорка на ОТА, ***360*** степени, 9 ноември 2023, https://360stepeni.mk/marija-janichevska-e-predlogot-za-direktorka-na-ota/.

52 За опозицијата скандал, властите уверуваат нема нелегално следење, Радио слободна Европа, 11 декември 2023, https://www.slobodnaevropa.mk/a/za-opozicijata-skandal-vlastite-uveruvaat-nema-nelegalno-sledenje/32725634.html.

53 Џафери се сретна со директорката на Женевскиот центар за управување со безбедносниот сектор, Макфакс, 13 декември 2023, https://bit.ly/3vzC2nC.

# Реформа на јавната администрација (РЈА)

Во октомври, Министерството за информатичко општество и администрација (МИОА) на официјалните интернет-страници и на Министерството и на Агенцијата за администрација објави дека ќе вклучи прашања на албански јазик на испитот за административни службеници и на испитот за административно управување, со цел да се зајакне јазичната инклузивност и изгледите за вработување на претставници од албанската заедница.[54]

На шести декември 2023 година, Владата донесе пет закони со фокус на реформите во јавната администрација и дигитална трансформација на државата (закони за административни службеници, вработени во јавниот сектор, безбедност на мрежи и информациски системи, електронски менаџмент и електронски услуги и професионален развој и обука на административните службеници).[55] Овие закони имаат цел да ги подобрат надлежностите, постапките за вработување и системите за плати за административните службеници, а истовремено обезбедуваат кибербезбедност и овозможуваат испорака на електронски услуги на национално ниво. Дополнително, со законите се формира Центар за стручно усовршување и обука и Агенција за безбедност на мрежни и информациски системи и дигитална трансформација. Претставници од Секретаријатот за РЈА и претставници на граѓанското општество, на конститутивната седница на 14 декември разговараа за новата Стратегија за РЈА, нејзиниот Акциски план и измените на законите.[56]

На 26 декември се одржа конститутивната седница на Советот на РЈА на која во присуство на премиерот и министерот за информатичко општество и администрација, како и на други владини претставници беа презентирани Петтиот годишен извештај за спроведување на Стратегијата за РЈА 2018-2022 и Акцискиот план за 2022 година.[57]

54 Министерот Алиу: Прашањата на испитот за административни службеници отсега ќе бидат и на албански јазик, Министерство за информатичко општество и администрација, 21 октомври 2023, https://mioa.gov.mk//mk-MK/news/ministerot-aliu-prasanata-na-ispitot-za-administrativni-sluzbenici-otsega-ke-bidat-i-na-albanski-jazik.nspx.

55 Пет законски решенија од МИОА за РЈА и дигитална трансформација, официјална интернет-*страница на Министерството за информатичко општество и администрација*, 6 декември 2023, https://mioa.gov.mk//mk-MK/news/pese-zgjidhje-ligjore-nga-mshia-per-rap-dhe-digjitalizimin.nspx.

56 Одржана конститутивната седница на Секретаријатот за РЈА, официјална интернет-*страница на Министерството за информатичко општество и администрација*, 14 декември 2023, https://mioa.gov.mk//mk-MK/news/odrzana-konstitutivnata-sednica-na-sekretarijatot-za-rja.nspx.

57 Се одржа конститутивната седница на Советот за реформа во јавната администрација, официјална интернет-*страница на Министерството за информатичко општество и администрација*, 26 декември 2023, https://mioa. gov.mk//mk-MK/news/se-odrzaa-konstitutivnata-sednica-na-sovetot-za-reforma-vo-javnata-administracija.nspx.

# Поглавје 23



# Функционирање на судството

## Стратешки документи

По долго одложување, на 26 декември 2023 година, Владата ја разгледа и ја донесе Развојната секторска стратегија за правосудство (2024-2028) со Акциски план,[58] која потоа беше официјално претставена на јавноста на 28 декември 2023 година, од страна на министерот за правда и претседателот на работната група што ја подготви стратегијата.[59] На брифингот со новинарите, меѓу другото, беше истакнато дека стратегијата е усогласена со препораките дадени од мисијата за врсничка процена на Судскиот совет, кои беа добиени претходно во истиот месец.[60]

## Органи на управување

За да се решат идентификуваните законодавни недостатоци во Судскиот совет, како што е нагласено во годишниот извештај на Европската комисија (ЕК) за Република Северна Македонија, на деветти ноември 2023 година беше формирана работна група.[61] Оваа група, составена од претставници од судството, академската заедница и граѓанското општество, имаше задача да ги формулира измените на Законот за Судски совет.[62]

По подолго одложување на разрешницата во однос на правното оспорување на разрешувањето на поранешната претседателка на Судскиот совет,[63] Управниот суд донесе конечна пресуда на 29 декември 2023 година, оценувајќи дека отказното решение е незаконско.[64] Оваа неотповиклива пресуда ја врати разрешената претседателка на претходната позиција.[65] Поради тоа, поништувањето на разрешувањето предизвика загриженост во јавноста во однос на валидноста на сите дејства преземени во периодот од именувањето на новиот претседател на Судскиот совет до неговата оставка.[66]

По завршувањето на мандатот на членот на Советот за јавни обвинители кој го застапува Вишото јавно обвинителство Штип (изборно место број четири) на крајот на годината, на 15 декември 2023 година, Советот[67] избра нов член од тројца пријавени кандидати[68] со јавна постапка.[69]

---

58 Од владината седница: Цените на основните прехранбени производи, вода, негазирани и газирани пијалаци и пиво остануваат замрзнати до 31 јануари, ***официјална интернет-страница на Владата на Република Северна Македонија***, 26 декември 2023, https://vlada.mk/node/35627.

59 Стратегијата за развој на правосудниот систем е патоказ за враќање на довербата на граѓаните во судството, Макфакс, 28 декември 2023, https://bit.ly/48JIlTV.

60 Исто.

61 МП формира работна група за реформа на Судскиот совет, ***официјална интернет-страница на Министерството за правда***, 1 ноември 2023, https://www. pravda.gov.mk/vest/6615.

62 Познати професори и правници ќе го реформираат Судскиот совет, ***А1 Он***, 9 ноември 2023, https://a1on.mk/macedonia/poznati-profesori-i-pravnici-kje-go-reformiraat-sudskiot-sovet/.

63 „Екпретседателката на Судскиот совет, Весна Дамева, поднесе кривична пријава до Скопското обвинителство и тужба до Управниот суд за нејзино разрешување, ***Сакам да кажам***, 19 мај 2023, https://avbc.me/H13YY6sg.

64 Соопштение за јавност, официјална интернет-страница на Управниот суд на Република Северна Македонија, 3 јануари 2024, https://bit.ly/3vqSCWJ.

65 Поништено незаконското разрешување на Весна Дамева, со пресуда од Управниот суд таа се враќа на претседателското место во Судскиот совет, Сакам да кажам, 29 декември 2023, https://bit.ly/3tQwWD5.

66 Судски совет: Важат сите одлуки донесени од Советот како колективно тело, Слободен печат, 5 јануари 2024, https:/ /www.slobodenpecat.mk/sudski-sovet-vazhat-site-odluki-doneseni-od-sovetot-kako-kolektivno-telo/.

67 Соопштение, официјална интернет-страница на Советот на јавни обвинители на Република Северна Македонија, 15 декември 2023, https://bit.ly/47yTnuv.

68 Кандидатска листа од пријавените кандидати за член на Советот на јавните обвинители на РСМ, од редот на јавните обвинители од подрачјето на Вишото јавно обвинителство Штип, со изборно место бр. 4, 4 декември 2023, https://bit.ly/3NZsN6H.

69 Оглас за избор на член на Советот на јавните обвинители на РСМ, од редот на јавните обвинители од подрачјето на Вишото јавно обвинителство Штип, со изборно место бр. 4, Совет на јавни обвинители на Република Северна Македонија, 30 октомври 2023, https://bit.ly/47yT4zR.

## Независност и непристрасност

По разгледувањето на извештајот од Судскиот совет за претседателот на Основниот суд Кавадарци и придружните материјали,[70] министерот за правда утврди дека претседателот на Основниот суд Кавадарци ги прекршил стандардите за интегритет, што доведе до негово разрешување од функцијата член и претседател на Советот за координација на информатичко-комуникациската технологија при органите на правосудниот систем (ИКТ-совет).[71] Министерот иницираше постапка за оценување на одговорноста на судијата и почна со изработка на нов правилник за Советот за ИКТ. Изразувајќи загриженост за тврдењата на министерот во врска со работата на Советот за ИКТ и сметајќи дека нивната понатамошна соработка во Советот е нецелисходна, двајцата членови кои го претставуваат Судскиот совет во рамките на Советот за ИКТ поднесоа оставка.[72]

По долгогодишни критики и апели за измени на одредени одредби од Етичкиот кодекс на јавните обвинители, Здружението на јавни обвинители предложи измени на Етичкиот кодекс на јавните обвинители, сосредоточувајќи се на препораката на Групата држави против корупција (ГРЕКО).[73] Советот на јавни обвинители овие измени ги донесе на осми ноември 2023 година,[74] со што се решија прашања како што се дефинирање „гостољубивост“ и менување на забраните во одредени членови.[75]

---

70 Ангела Делевска и Беба Жагар, Извештај во сенка за Поглавје 23 за периодот меѓу октомври 2022 и септември 2023 година, Институт за европска политика (ЕПИ) – Скопје, 29 декември 2023, https://epi.org.mk/post/25518.

71 Лога го разреши претседателот на Советот на ИКТ, судијата Лазар Нанев, А1 Оn, 6 ноември 2023, https://a1on.mk/macedonia/loga-go-razreshi-pretsedatelot-na-sovetot-na-iks-sudijata-lazar-nanev/.

72 Судијата Лорета Ѓоргиева и м-р Миљазим Мустафа поднесоа оставки до министерот за правда, Кренар Лога, ***официјална интернет-страница на Судскиот совет на Република Северна Македонија***, 10 ноември 2023, https://bit.ly/48ul6hc.

73 Прилог кон Извештајот во сенка на Здружението на јавни обвинители на Република Северна Македонија, 29.11.2023.

74 Соопштение, официјална интернет-страница на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија, 8 ноември 2023, https://bit.ly/3GmL1uI.

75 Со измените, член 10 став 6 се менува и гласи „Јавните обвинители при јавни настапи да внимаваат да не го нарушат нивниот професионален и личен углед, како и угледот на Јавното обвинителство и Советот на јавни обвинители“. Здружение на јавни обвинители на Република Северна Македонија, Етички кодекс за измена и дополнување на Етичкиот кодекс на јавните обвинители на Република Северна Македонија, Совет на јавни обвинители на Република Северна Македонија, октомври 2023, https://bit.ly/3TWpuB9.

## Отчетност

Наводите за политички притисок врз судиите на Врховниот суд, обелоденети од претседателката на судот во интервју,[76] поттикнаа член на Судскиот совет да почне истрага за нејзината одговорност во конкретниот случај.[77] Како основа за оваа истрага е наведено нејзиното неприсуство на седниците на Судскиот совет,[78] како и нејзиното неприсуство на седница на која била поканета од Советот по изведувањето на наводите.[79] Уставните одредби со кои им се дозволува на членовите на Советот по службена должност, како што се претседателот на Врховниот суд и министерот за правда, да не присуствуваат на седниците на Советот се сметаат за добра практика за намалување на евентуалното надворешното влијание.[80, 81] Во согласност со ова, Комисијата за отчетност се повикува да донесе внимателен и транспарентен пристап, кој ќе биде усогласен со прифатените стандарди за управување и независност на судството и ќе ги земе предвид практиките на Европскиот суд за човекови права (ЕСЧП).[82]

Во друг поврзан настан, одлуката на Судскиот совет да се намали платата на судијата за 20% во период од шест месеци, поради одложувањата во случајот „Таргет-Тврдина",[83] предизвика јавен интерес поради согледаните недоследности во дисциплинските казни.[84] Истовремено, Советот на јавни обвинители едногласно го разреши поранешниот прв човек на Основното јавно обвинителство за гонење организиран криминал и корупција (ОЈОГОКК), кој избра пензија наместо да се жали на одлуката.[85] Тековните спорови меѓу Судскиот совет и министерот за правда,[86] особено во однос на иземањето на член на Советот за ИКТ, ескалираа, и претставници на Судскиот совет тврдат дека министерот ги прекршил правните и етичките стандарди.[87]

76 Присутна е политичката закана за разрешување на врховни судии, ама нема основа да оживее аболицијата на Груевски, вели претседателката на Врховниот суд, Беса Адеми, ***Сакам да кажам***, 3 ноември 2023, https://bit.ly/47tO7s3.

77 Претседателката на Врховниот суд, Беса Адеми, доби иницијатива за разрешување во Судскиот совет, откако предупреди за притисоци и закани од функционери, Сакам да кажам, 28 ноември 2023, https://bit.ly/3Ua6SOf.

78 Блупринт групата за реформи во правосудството повика на внимателно постапување во постапката за утврдување одговорност на претседателката на Врховен суд на Република Северна Македонија, официјална интернет-***страница*** на МЗМП, 29 декември 2023, https://myla.org.mk/49779/.

79 Соопштение, официјална интернет-страница на Судскиот совет на Република Северна Македонија, 3 ноември 2023, https://bit.ly/3vtOupb.

80 Оценската мисија на ЕУ вели дека Беса Адеми не го крши законот со неодењето на седниците на Судскиот совет, ***360*** степени, 21 декември 2023, https://360stepeni.mk/otsenskata-misija-na-eu-veli-deka-besa-ademi-ne-go-krshi-zakonot-so-neodeneto-na-sednitsite-na-sudskiot-sovet/.

81 РАБОТЕН ДОКУМЕНТ НА КОМИСИЈАТА – Извештај за Северна Македонија за 2023 година, 8 ноември 2023, https://op.europa.eu/en/publication-detail/-/publication/7a850ca0-7eee-11ee-99ba-01aa75ed71a1/language-en.

82 Блупринт групата за реформи во правосудството повика на внимателно постапување во постапката за утврдување одговорност на претседателката на Врховен суд на Република Северна Македонија.

83 Соопштение од 465. седница на Судскиот совет на РСМ – 23.11.2023, официјална интернет-страница на Судскиот совет Република Северна Македонија, https://bit.ly/48Q2YOq.

84 Јавноста реагираше на тоа што судијките Лидија Неделкова и Софија Лаличиќ беа разрешени во 2021 година поради полесни дисциплински прекршоци. „Потребни се осум гласа за разрешување на судија, а во случајот со Енвер Беџети немаше толку многу", вели претседателот на Судскиот совет, ***360 степени***, 27 ноември 2023, https://360stepeni.mk/potrebni-se-osum-glasa-za-razreshuvane-sudija-a-vo-sluchajot-so-enver-bedheti-nemashe-veli-pretsedatelot-na-sudskiot-sovet/.

85 Русковска: По отказното решение одам во пензија, ***Дојче веле***, 23 ноември 2023, https://www.dw.com/mk/vilma-ruskovska-odlukata-za-razresuvane-e-ocekuvana-odam-vo-penzija/a-67531011?maca=maz-rss-maz-pol_makedonija_timemk-4727-xml-mrss.

86 Судскиот совет нема намера да „војува" со министерот за правда, ***Лога***, 7 ноември 2023, https://bit.ly/3RWwpHH.

87 Судски совет за барањето на министерот Лога за иземање на член од Комисија на известители, официјална ***интернет-страница на Судскиот совет на Република Северна Македонија***, 28 ноември 2023, https://bit.ly/48Rulb0.

## Професионализам и надлежност

Во текот на извештајниот период, Судскиот совет го заврши долгоочекуваниот избор на осум судии од Апелациониот суд Скопје, почнат на петти јули 2021 година.[88] Сепак, процесот беше проследен со неправилности. Судскиот совет првично донесе различни пристапи кон жалбите на кандидатите за судии за ранг-листите, донесувајќи две спротивставени одлуки за иста работа и укинувајќи одлуки без соодветна правна основа и соодветна постапка.[89] Потоа на денот на изборите се случи отстапување од ранг-листата на кандидатите, без да се даде задоволително објаснување за тоа.[90]

Во истиот период беа избрани десет судии, меѓу кои и претседатели на Основниот суд Куманово и Основниот граѓански суд Скопје.[91] Написите во медиумите за претседателот на Основниот суд Куманово, кој претходно ја извршуваше функцијата вршител на должноста, посочија дека тој сторил злоупотреба на автоматизираниот информациски систем за управување со судски предмети (АКМИС), повреда на угледот на судската функција, учествувал во меѓучовечки конфликти и го прекршил начелото на недискриминација.[92] Во меѓувреме, претседателот на Основниот граѓански суд во Скопје се најде вмешан во секс-скандал, кој привлече медиумско внимание и поттикна поднесување на формална жалба.[93]

На изборите за јавни обвинители, Советот на јавни обвинители избра по две лица за Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, Основното јавно обвинителство Гостивар и Вишото јавно обвинителство Гостивар.[94] Дополнително, по еден јавен обвинител е избран во

88 Соопштение од 464. седница на Судскиот совет на РСМ, 15.11.2023, ***официјална интернет-страница на Судскиот совет на Република Северна Македонија***, https://bit.ly/3O30m7P.

89 На 460. седница, одржана на 18 и 19 октомври 2023 година, Судскиот совет расправаше дали потврдата од Академијата за судии и јавни обвинители треба да се смета за доволен доказ дека кандидатите изготвиле едукативни материјали и поминале обука или истите кандидати треба исто така да достават и други докази. Пред гласањето и одлучувањето, тројца членови на Советот ја напуштија седницата, по што на седницата останаа вкупно девет членови со право на глас, односно Советот имаше кворум за одлучување. Во ваква ситуација, Советот со пет гласа „ЗА" и четири „ПРОТИВ" одлучи да го почитува приговорот на кандидатот и да ја прифати потврдата од Академијата како доказ. По ова, дел од членовите на Советот реагираа дека Советот претходно донел спротивна одлука за истото прашање, според која ваквите потврди не биле прифатени како доказ за подготвени едукативни материјали и посетувана обука. Со прекинување на седницата и продолжување на седницата на 19.10.2023 година, Советот повторно гласаше за истото прашање и донесе поинаква одлука, односно со пет гласа „ЗА" и седум „ПРОТИВ", односно потврдата од Академијата не е прифатлива како доказ за посетувана обука и изготвени едукативни материјали. Соопштение за јавност, ***Коалиција „Сите за правично судење"***, 19 октомври 2023, https://drive.google.com/file/d/17SlA7t6nuXXSgdDhwWaABcz3W1N3phrN/view.

90 Наместо тоа, членовите на Советот посочија дека поради пропусти во методологијата за рангирање на кандидатите „одлучувачки ќе бидат другите параметри и критериуми", без да прецизираат за кои критериуми и за кои прописи станува збор. Соопштение за јавност, ***официјална фејсбук-страница на Коалицијата „Сите за правично судење"***, 15 ноември 2023, https://bit.ly/3tTVLy3.

91 Свечена изјава на новоизбраните претседатели на Апелациониот суд Скопје и Основниот суд Куманово, ***официјална интернет-страница на Судскиот совет на Република Северна Македонија***, 17 ноември 2023, https://bit.ly/3vxNs-sa; Свечена изјава на новоизбраните претседатели на седум судови, ***официјална интернет-страница на Судскиот совет на Република Северна Македонија***, 22 ноември 2023, https://bit.ly/3TT3GX0; Свечена изјава на новоизбраниот претседател на Апелациониот суд Штип, ***официјална интернет-страница на Судскиот совет на Република Северна Македонија***, 20 октомври 2023, https://bit. ly/3vBXWXD.

92 „Разгорени" меѓучовечките односи во кумановскиот суд, ***Радио слободна Европа***, 12 јули 2023, https://www.slobodnaev-ropa.mk/a/razgoreni-megjuchovechkite-odnosi-vo-kumanovskiot-sud-/32498983.html.

93 Нов претседател на Граѓанскиот суд е Бесник Авдија, за кого беше поднесена претставка за секс-скандал, Фокус, 8 ноември 2023, https://fokus.mk/nov-pretsedatel-na-graganskiot-sud-e-besnik-avdija-za-kogo-beshe-podnesena-pretstavka-za-navoden-luboven-skandal/.

94 Одлука за избор на двајца јавни обвинители во Јавното обвинителство на Република Северна Македонија и двајца јавни обвинители во Вишото јавно обвинителство во Гостивар, ***официјална интернет-страница на Советот на јавни обвинители на Република Северна Македонија***, 20 декември 2023, https://bit.ly/3tTz6lq; Одлука за избор на двајца јавни обвинители во Основното јавно обвинителство Гостивар, еден јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Скопје и еден јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Струга, ***официјална интернет-страница на Советот на јавни обвинители на Република Северна Македонија***, 27 октомври 2023, https://bit.ly/41WsTSa.

Основното јавно обвинителство Скопје и во Основното јавно обвинителство Струга.[95] Покрај тоа, почна и постапката за избор на нов јавен обвинител на Република Северна Македонија поради тоа што на 25 декември 2023 година истекува мандатот на актуелниот јавен обвинител. На огласот објавен од Собранието на 29 ноември 2023 година се пријавија тројца кандидати.[96] Но, само еден кандидат доби позитивно мислење од Советот на јавни обвинители,[97] додека кандидатурата на еден од преостанатите кандидати е одбиена поради некомплетна документација.[98] Се очекува Советот на јавни обвинители да го достави својот предлог за нов јавен обвинител до Владата, а потоа предлогот да биде на гласање во Собранието. Поради продолженото времетраење на процесот и законските рокови, а како одговор на одложеното објавување на огласот од страна на Собранието,[99] именуван е вршител на должноста државен јавен обвинител до завршување на изборната постапка.[100]

## Квалитет на правдата

Откако кандидатите пријавени на јавниот оглас за прием на 130 специјализанти на деветтата генерација на почетна обука на Академијата за судии и јавни обвинители го завршија психолошкиот тест[101] и тестот за интегритет[102], констатирано е дека се доцни со полагањето на квалификацискиот тест.[101] Претходниот договор за јавна набавка на услуги поврзани со одржување на софтверот за полагање во државни институции истече. Во моментов во тек е изработка на тендерска документација за нов договор.[102] Владата преку допис од 26 декември 2023 година ја задолжи Академијата да го спроведува испитот во хартиена форма, со користење на електронски читач, додека не се финализира постапката за набавка.[103]

95 Одлука за избор на двајца јавни обвинители во Основното јавно обвинителство Гостивар, еден јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Скопје и еден јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Струга.

96 Одлука за огласување на именување на јавен обвинител на Република Северна Македонија, Службен весник на РСМ, бр. 251/2023.

97 Раичевиќ и Фетаи реагираат на одлуката на Советот на јавни обвинители, ***МКД.мк***, 28 декември 2023, https://mkd. mk/raichevik-i-fetai-reagiraat-na-odlukata-na-sovetot-na-javni-obviniteli/.

98 Јавната обвинителка-кандидатка Фатиме Фетаи побара Советот на јавни обвинители да ја преиспита одлуката за отфрлање на нејзината кандидатура поради немање уверение за познавање на македонски јазик и уверение за деловна способност. Фатиме Фетаи прашува како нејзините документи поминале на строга контрола во Собранието, а Советот и ги прогласи за некомплетни и ја дисквалификува за државен обвинител, Сакам да кажам, 27 декември 2023, https://bit.ly/47uYLyE.

99 На повидок в.д. државен обвинител на местото на Јовески – на партиите не им се брза пред избори да назначат нов шеф на ЈО, ***Призма/БИРН*** (блог), 11 декември 2023, https://prizma.mk/na-povidok-vd-drzhaven-obvinitel-na-mesto-to-na-joveski/.

100 Одлука за свикување на деведесет и третата седница на Советот на јавни обвинители, официјална интернет-***страница на Советот на јавни обвинители на Република на Северна Македонија*** (блог), 22 декември 2023, https://bit.ly/41YiLZi.

101 Известување од приемната комисија, официјална интернет-страница на Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“ (блог), 25 декември 2023, https://bit.ly/3HhkDD1.

102 Исто.

103 Известување за нова временска динамика за спроведување на понатамошниот дел од приемниот испит, ***официјална интернет-страница на Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“*** (блог), 28 декември 2023, https://bit.ly/48p5Kud.

## Ефикасност

И покрај тоа што се формираше работна група составена од претставници од Владата и Синдикатот на работниците во администрацијата, правосудните органи и здруженијата на граѓани на Македонија (УПОЗ) за решавање на барањата на судството и јавното обвинителство, заедно со другите вработени во државната администрација,[104] сепак не беше постигнат консензус.[105] Незадоволството ескалира откако Владата го одобри Буџетот за 2024 година,[106] во кој не беа направени промени согласно барањата на посочените државни служби. Поради тоа, протестите продолжија и беше оценето дека Владата не се грижи доволно за грижите и барањата на вработените.[107]

На 12 декември 2023 година беше именуван нов уставен судија, со што се пополни местото што беше испразнето на јануари 2022 година.[108] Но, државниот јавен обвинител се пензионираше пред Собранието да може да продолжи со дискусиите за негово именување за уставен судија, поради што оваа функција остана непополнета.[109]

104 Со работна група ќе се бара решение за проблемите на судската администрација, ***Независен***, 3 октомври 2023, https://nezavisen.mk/so-rabotna-grupa-kje-se-bara-reshenie-za-problemite-na-sudskata-administracija/.

105 Нема договор меѓу УПОЗ и Владата за повисоки плати, Радио слободна Европа, 1 ноември ***2023***, https://www.slobodnaevropa.mk/a /32666204.html.

106 Од 199. владина седница: Утврден е предлог буџетот за 2024 година за реализација на потребите на граѓаните и раст на економијата; замрзнатите цени на овошје и зеленчук ќе важат и во декември, ***официјална интернет-страница на Владата на Република Северна Македонија*** (блог), 14 ноември 2023, https:/ /vlada.mk/node/35153.

107 Голем протест на Синдикатот на УПОЗ, официјална интернет-страница на Синдикатот на работниците во администрацијата, правните органи и здруженијата на граѓани на Македонија (УПОЗ), 4 декември 2023, https://www.upoz.org.mk/mk/novosti/375-golem-protest-na-sindikatot-na-upoz.

108 Јадранка Дабовиќ-Анастасовска избрана за уставна судијка, ***360 степени***, 12 декември 2023, https://360stepeni.mk/jadranka-dabovik-anastasovska-izbrana-za-ustavna-sudijka/.

109 Јовески наместо уставен судија, ита кон пензија?, Слободен печат, 6 септември 2023, https://www.slobodenpecat.mk/joveski-namesto-ustaven-sudija-ita-kon-penzija/.

# Борба против корупцијата

За време на Министерскиот совет на ОБСЕ во Скопје, регионалните министри за надворешни работи потпишаа декларација за борба против корупцијата, сосредоточувајќи се на финансиските истраги и дигитализацијата, како и враќање на имотот стекнат преку криминални активности.[110]

Оцената на ГРЕКО утврди дека Република Северна Македонија задоволително спровела само 13 од 23-те препораки за спречување на корупцијата од извештајот за усогласеност од петтиот круг на евалуација.[111]

Последниот извештај на Европската комисија за напредокот на земјата содржи израз на загриженост поради нивото на подготвеност на земјата, кое е оценето како „одредено и умерено“ во однос на борбата против корупцијата. Во него се наведени примери како одложувања и преиначување на пресудите во предметите со корупција од висок профил и забрзаните измени на Кривичниот законик што влијаат врз таквите предмети и нивната застареност.[112]

## Државна комисија за спречување на корупцијата

На седми ноември беше објавен јавниот оглас за избор на следниот состав на Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК).[113] По првичната административна селекција, во која беа одбиени 15 кандидати, во периодот од 23 до 25 ноември беа спроведени интервјуа со 41 кандидат.[114] Претседателот на сегашниот состав на ДКСК забележа дека има многу политички експонирани кандидати и ја повика Комисијата за избори и именувања да се спротивстави на политичките влијанија.[115] На ранг-листата на кандидати објавена кон крајот на ноември[116] се најдоа четворица ревизори, двајца вработени во ДКСК и еден судија.[117] Платформата на граѓански организации за борба против корупцијата ја осуди забележаната партизација на изборниот процес, изразувајќи загриженост за објективноста и непристрасноста на идниот состав на ДКСК.[118]

110 Министрите за надворешни работи од регионот потпишаа декларација за борба против корупцијата, ***360 степени***, 30 ноември 2023, https:// 360степени.mk/ministrite-za-nadvoreshni-raboti-od-regionot-potpishaa-deklaratsija-za-borba-protiv-koruptsiata/.

111 ГРЕКО: Македонија е недоволно усогласена со препораките од Извештајот за евалуација во борбата против корупција, ***ТВ Сител***, 18 октомври 2023, https: //sitel.com.mk/greko-makedonija-e-nedovolno-usoglasena-so-preporakite-od-izveshta-jot-za-evaluacija-vo-borbata.

112 ЕВРОПСКА КОМИСИЈА, РАБОТЕН ДОКУМЕНТ НА КОМИСИЈАТА – Извештај за Северна Македонија за 2023 година, 8 ноември 2023, https://neighbourhood-enlargement.ec.europa.eu/system/files/2023-11/SWD_2023_693%20North%20Macedonia%20report.pdf.

113 Одлука за објавување јавен оглас за избор на претседател и членови на Државната комисија за спречување на корупцијата, Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 234/2023.

114 Записник од спроведените интервјуа со кандидатите по Одлука за објавување јавен оглас за избор на претседател и членови на Државната комисија за спречување на корупцијата, официјална интернет-***страница на Собранието на РСМ***, 28 ноември 2023, https://www.sobranie.mk/content/ОГЛАС%20КОРУПЦИЈА%202023/zapisnikDKSK23.pdf.

115 Ивановска: Многу политички експонирани личности се пријавија за новиот состав на ДКСК, се надевам оти нема да има притисоци при изборот, ***360*** степени, 28 ноември 2023, https://360stepeni.mk/ivanovska-mnogu-politichki-eksponira-ni-lichnosti-se-prijavija-za-noviot-sostav-na-dksk-se-nadevam-oti-nema-da-ima-pritisotsi-pri-izborot/.

116 Ранг-листа на кандидати за претседател и членови на Државната комисија за спречување на корупцијата, ***официјална интернет-страница на Собранието на РСМ***, 28 ноември 2023, https://www.sobranie.mk/content/ОГЛАС%20 КОРУПЦИЈА%202023/rang-listaDKSK23.pdf.

117 Ревизори, службеници и судијка – утврдени членовите на новиот состав на Антикорупциска комисија, ***Радио МОФ***, 29 ноември 2023, https://www.radiomof.mk/revizori-sluzhbenici-i-sudijka-utvrdeni-chlenovite-na-noviot-sostav-na-antikorupcis-ka-komisija/?fbclid=IwAR2dKaTrpoBFuaXyE6OtzQCF2pbQTsUyXOVOGd7aE4Ent5LfnFpSI-qY0ZI.

118 Платформата на граѓански организации за борба против корупција остро ја осудува партизацијата при изборот на нови членови на ДКСК, ***официјална интернет-страница на Комитетот за човекови права на Република Северна Македонија***, 30 ноември 2023, https://mhc.org.mk/news/platformata-na-graganski-organizacii-za-borba-protiv-korupci-ja-ostro-ja-osuduva-partizacijata-pri-izborot-na-novi-chlenovi-na-dksk/.

На крајот на декември, Собранието го одобри списокот со кандидати, а нивниот мандат почнува на осми февруари 2024 година.[119]

Во вториот дел од ноември, во ДКСК беше спроведена експертска мисија за техничка помош и размена на информации (TAIEX) за конфликт на интереси, со фокус на спречување конфликт на интереси и подигнување на свеста кај именуваните и избраните лица.[120]

ДКСК соопшти дека од 01.01.2024 година ќе функционира новиот електронски систем за поднесување изјава за имотна состојба и интереси преку https://imotnasostojba.dksk.mk/.[121]

По наредба на ДКСК, Државниот просветен инспекторат ја разгледа целата документација поднесена од претходните кандидати на Академијата за судии и јавни обвинители. При прегледот било откриено дека за работното место се пријавил судија од Основниот суд Тетово со повисока оценка од таа што му била наведена на диплома од Тетовскиот универзитет. Државниот просветен инспекторат веднаш го пријавил ова до надлежното Јавно обвинителство.[122]

## Јавно обвинителство

Неодамнешните контроверзни измени на Кривичниот законик[123] значително влијаеја врз неколку предмети со корупција од висок профил во Република Северна Македонија.

Во предметот „Таргет-Тврдина" судот ја прекина кривичната постапка за обвинетите за злосторничко здружување и злоупотреба на службената положба и овластување поради застареност. Во овој предмет обвинето беше и поранешниот директор на Управата за безбедност и контраразузнавање, за кој се утврди застареност на кривичното дело незаконско прислушкување. Во исто време продолжува судскиот процес за обвинетите за уништување на опремата за прислушкување.[124]

Во случајот „Трезор", во кој исто така е обвинет поранешниот директор на Управата за безбедност и контраразузнавање, јавниот обвинител го допрецизираше обвинението и го преквалификуваше делото согласно измените во КЗ, по што беше доставено барање до Судот да го примени поблагиот закон врз обвинетите, а Судот го одложи рочиштето.[125]

119 Собранието ја изгласа Антикорупциската комисија на чело со ревизорката Татјана Димитровска, Сакам да кажам, 22 декември 2023, https://sdk.mk/index.php/makedonija/sobranieto-ja-izglasa-novata-antikoruptsiska-komisija-na-chelo-so-revizorkata-tatjana-dimitrovska/.

120 Експертска мисија ТАИЕКС на тема судир на интереси: Анализа на механизми за спречување на конфликт на интереси и подигање на свеста насочена кон именувани и избрани лица, ***официјална интернет-страница на Државната комисија за спречување на корупцијата***, 24 ноември 2023, https://bit.ly/48ZM3cn.

121 Од 01.01.2024 ќе биде во функција новиот електронски систем за поднесување на изјава за имотна состојба и интереси, ***официјална интернет-страница на Државната комисија за спречување на корупцијата***, 28 декември 2023, https://bit.ly/3O727Rl.

122 Судијата Eљведин Ферати од Основен суд Тетово си ги поправал оценките на Тетовскиот универзитет со пречкртување, утврди Антикорупциска, ***Сакам да кажам***, 27 декември 2023, https://bit.ly/42goWbh.

123 Измените во КЗ носат застарување на дела во „Таргет-Тврдина", „Титаник", „ТНТ", „Талир", „Траекторија", „Тендери", ***360 степени***, 7 септември 2023, https://360stepeni.mk/izmenite-vo-kz-nosat-zastaruvane-na-dela-vo-target-tvrdina-titanik-tnt-talir-traektorija-tenderi/.

124 Мијалков нема да одговара за нелегалното прислушување, застаре делото за „Таргет-Тврдина", ***А1 Он***, 17 октомври 2023, https://a1on.mk/macedonia/mijalkov-nema-da-odgovara-za-nelegalnoto-prislushuvanje-zastare-deloto-za-target-tvrdina/.

125 Обвинителство изврши преквалификација за „Трезор", судењето одложено за 24 ноември, ***Република***, 10 ноември 2023, https://republika.mk/vesti/makedonija/obvinitelstvo-izvrshi-prekvalifikatsija-za-trezor-sudeneto-odlozheno-za-24-noemvri/.

Во предметот „Титаник 2“ Апелација Скопје го отфрли обвинителниот акт против поранешниот директор на Управата за безбедност и контраразузнавање, додека преостанатите обвинети добија условни казни.[126]

Во предметот „Топлик“ во кој првообвинет беше поранешниот министер за транспорт и врски, Апелациониот суд Скопје ја поништи првостепената пресуда и предметот го врати на повторно судење. Но, поради застареност на делата, јавниот обвинител се повлече од понатамошно гонење.[127]

Слично на ова, во предметот „Траекторија“ на предлог на јавен обвинител, судот го отфрли обвинителниот акт против поранешниот премиер поради застареност, а судењето на другите тројца обвинети беше прекинато поради измените во Кривичниот законик.[128]

Во предметот „Софтвери“ Апелациониот суд Скопје му го укина куќниот притвор[129] на поранешниот генерален секретар на Владата, кој беше претходно осуден на осум години затвор,[130] додека друг поранешен генерален секретар на Владата беше осуден со две и пол години затвор за злоупотреба на службената положба и овластување.[131]

## Правна рамка

Иако активниот ангажман на граѓанскиот сектор за обликување на политиките е клучен за почитување на владеењето на правото, неговата ефикасност лежи во конструктивниот придонес. Токму поради ова начело групата Блупринт за реформи во правосудството одлучи да се повлече од понатамошен ангажман во процесот на изготвување на новиот Кривичен законик. Главна причина за повлекувањето се неодамнешните измени на сегашниот Кривичен законик,[132] кои беа донесени без консултација со работната група што го подготвува новиот законик и без соодветна консултација со експерти, а како изговор за тоа беше искористено европското знаме. Овој потег следуваше по претходното повлекување на групата Блупринт од изготвувањето на Законот за конфискација на имот во парничната постапка, мерка што тие сметаат дека е составен дел на борбата против криминалот и корупцијата, но тврдат дека се злоупотребува за да се создаде погрешна перцепција дека незаконски стекнатиот имот ќе биде конфискуван.[133]

126 Апелација го укина обвинението за Мијалков во „Титаник 2“ поради застареност, за Мендух Тачи и другите обвинети условни казни, ***360 степени***, 14 ноември 2023, https://360stepeni.mk/apelatsija-go-ukina-obvinenieto-za-mijalkov-vo-titanik-2-poradi-zastarenost-za-menduh-tachi-i-ostanatite-obvineti-uslovni-kazni/.

127 Измените на КЗ го спасија Јанакиески во „Топлик“, Обвинителството се откажа од гонење поради застареност, ***360*** степени, 13 ноември 2023, https://360stepeni.mk/izmenite-na-kz-go-spasija-janakieski-vo-toplik-obvinitelstvoto-se-otkazha-od-gonene-poradi-zastarenost/.

128 Запре кривичната постапка за случајот „Траекторија“, Канал 5, 3 ноември 2023, https://kanal5.com.mk/zapre-krivichnata-postapka-za-sluchajot-traektorija/a609296.

129 Апелација му го укина куќниот притвор на Драги Рашковски, ***360 степени***, 14 ноември 2023, https://360stepeni.mk/apelatsija-mu-go-ukina-kukniot-pritvor-na-dragi-rashkovski/.

130 Рашковски осуден на осум години казна затвор, Макфакс, 6 јули 2023, https://bit.ly/3FkYi6C.

131 Мухамед Зеќири осуден на 2,5 години затвор, Дојче веле, 1 декември 2023, https://www.dw.com/mk/muhamed-zekiri-osuden-na-25-godini-zatvor-za-dogovorite-za-posta/a-67606420?maca=maz-rss-maz-pol_makedonija_timemk-4727-xml-mrss.

132 Закон за изменување и дополнување на Кривичниот законик, Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 188/2023.

133 Блупринт групата се повлекува од учеството во изработката на новиот Кривичен законик, официјална интернет-***страница*** на ХКЧП на РСМ, 9 октомври 2023, https://mhc.org.mk/news/bluprint-grupata-se-povlekuva-od-uchestvoto-vo-izrabotkata-na-noviot-krivichen-zakonik/.

# Основни права

Во најновиот извештај за напредокот на земјата се утврдува дека правната рамка за заштита на основните права во Република Северна Македонија е делумно усогласена со правото на ЕУ и стандардите за основните права. И покрај тоа што земјата генерално ги исполнува своите општи заложби во однос на основните права, постои потреба од посистематско спроведување на законите. Согласно минатогодишните препораки, постои потреба да се поправат супстандардните услови во затворите, да се интензивираат напорите за поттикнување на алтернативни мерки на казната затвор и да се спроведат релевантните препораки за условите за притвор. Понатаму, постои итна потреба да ѝ се доделат основни ресурси на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (КЗСД) и да се обезбеди соодветно спроведување на Законот за матична евиденција за елиминирање на бездржавјанството.[134]

## Судска практика на Европскиот суд за човекови права

На 24 октомври, Европскиот суд за човекови права (ЕСЧП) донесе пресуда во случајот Мемедова и другите против Република Северна Македонија, со која се консолидираат три различни жалби. Станува збор за инциденти на граница во кои на барателите од ромска етничка припадност им било забрането да ја напуштат Република Северна Македонија. Тие обвинија за дискриминација од страна на граничните полицајци и повреда на нивната слобода на движење поради нивната ромска етничка припадност.[135] ЕСЧП потврди повреда на член 2 од Протоколот бр. 4 од ЕКЧП, и поединечно и во врска со член 14. Како резултат на тоа, државата е обврзана да им исплати на жалителите надоместок и за материјална и за нематеријална штета.[136]

На 14 ноември, ЕСЧП донесе одлука за случајот Јанакиески против Република Северна Македонија, во која се осврна на наводната незаконитост и самоволие во притворот на поранешен министер за транспорт. Тој навел дека нема доволно релевантни и доволни причини за неговото лишување од слобода и дека неговиот притвор не бил навремено преиспитан, што е спротивно на член 5 од ЕКЧП. ЕСЧП утврди повреда поради недоволно причини за притвор на поранешниот министер и поради задоцнето разгледување на мерката, при што државата ја задолжи да му додели 3.900 евра како надоместок на нематеријална штета.[137]

134 РАБОТЕН ДОКУМЕНТ НА КОМИСИЈАТА – Извештај за Северна Македонија за 2023 година, 8 ноември 2023, https://op.europa.eu/en/publication-detail/-/publication/7a850ca0-7eee-11ee-99ba-01aa75ed71a1/language-en.

135 Ромите добија историска европска пресуда со која се осудува расното профилирање на границите на Северна Македонија, официјална интернет-*страница на Европскиот центар за права на Ромите (ЕЦПР)*, 30 октомври 2023, http://www.errc.org/press-releases/roma-win-landmark-european-judgment-condemning-racial-profiling-at-the-border-in-north-macedonia.

136 ЕСЧП, предмет Мемедова и други против Република Северна Македонија (А. бр. 42429/16 и две други), 18 октомври 2023, https://bit.ly/3vDZYGJ.

137 ЕСЧП, Случај Јанакиески против Република Северна Македонија (А. бр. 57325/19 и 16291/20), 14 ноември 2023, https://bit.ly/48ZNUOp.

## Народен правобранител

На седницата на втори ноември, Собранието ги назначи Македонското здружение на млади правници (МЗМП) и Хелсиншкиот комитет за човекови права (ХКЧП) да работат како механизам за граѓанска контрола на работата на Народниот правобранител.[138]

Во вториот дел од ноември, вработените во Народниот правобранител протестираа, изразувајќи незадоволство од нивните плати и статусот на административни службеници. Тие се заложија за ново законско решение што ќе го промени нивниот третман како административни службеници и ќе обезбеди финансиска независност на институцијата.[139]

На почетокот на декември, извештајот на Народниот правобранител за вработените во јавниот сектор утврди недоволна застапеност на вработени лица од помалите етнички заедници. Дополнително, извештајот ја истакна родовата нееднаквост, нагласувајќи ја доминацијата на мажите во избраните, именуваните и раководните улоги.[140]

Во октомври се појави случај на наводен нехуман третман во Психијатриската болница во Демир Хисар, во врска со 17-годишно момче со аутизам, кое според неговата мајка било врзано со синџири, при што биле нанесени рани и модринки.[141] Претставниците на болницата и министерот за здравство го бранеа третманот како заснован на докази, наведувајќи ја неопходноста од физичко ограничување во одредени ситуации. Како одговор, Народниот правобранител отвори предмет и најави дека планира да побара од надлежните органи да го надгледуваат работењето на болницата.[142]

---

138 Одлука за избор на здруженија од областа на човековите права, полициското право и правосудството за механизмот за граѓанска контрола во состав на Народниот правобранител, Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 233/2023.

139 Протест на вработените во Народниот правобранител – Незадоволни од платите и статусот кој го имаат како службеници, *А1 Он*, 21 ноември 2023, https://a1on.mk/macedonia/protest-na-vrabotenite-vo-narodniot-pravobranitel-ne-zadovolni-od-platite-i-statusot-koj-go-imaat-kako-sluzhbenici/.

140 Помалите етнички заедници недоволно застапени во јавниот сектор – Заклучок од Извештајот на Народниот правобранител, Телма ТВ, 7 декември 2023, https://telma.com.mk/2023/12/07/pomalite-etnichki-zaednici-nedovolno-za-stapeni-vo-javniot-sektor-zakluchok-od-izveshtajot-naradoniot-pravobranitel/.

141 Мајка обвинува за нехуман третман на нејзиниот аутистичен син во психијатриската болница „Демир Хисар", Меџити вели дека момчето било лекувано според протоколите, ***360*** степени, 2 октомври 2023, https://360stepeni.mk/majka-ob-vinuva-za-nehuman-tretman-na-nejziniot-autistichen-sin-vo-psihijatriskata-bolnitsa-demir-hisar-medhiti-veli-deka-momche-to-bilo-lekuvano-spored-protokolite/.

142 По наводите за нехуманиот третман на 17-годишникот, Омбудсманот ќе поведе постапка за психијатриската болница во Демир Хисар, ***360*** степени, 3 октомври 2023, https://360stepeni.mk/po-navodite-za-nehumaniot-tretman-na-17-godish-nikot-ombudsmanot-ke-povede-postapka-za-psihijatriskata-bolnitsa-vo-demir-hisar/.

## Мачење или друго сурово, нехумано или понижувачко постапување или казнување

Во октомври, делегација на Советот на Европа изврши оцена на третманот на поединци во затворите во Република Северна Македонија, полициските притвори и психијатриските болници, споделувајќи ги прелиминарните наоди со националните власти.[143]

Кон средината на ноември, Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди при Министерството за внатрешни работи (МВР) поднесе кривична пријава против тројца полициски службеници за тешки телесни повреди и малтретирање при вршење на службената должност, при што тие биле суспендирани до завршување на постапката за утврдување на дисциплинска одговорност.[144]

Во друг предмет, Апелациониот суд ја потврди[145] вината на двајца полицајци, осудувајќи ги на условна затворска казна од една година за прекумерна употреба на сила додека биле на должност. Условната казна е условена со избегнување извршување на нови дела во период од три години.[146]

## Затворски и притворски установи

Кон крајот на октомври беше спроведен претрес во затворот во Идризово, при што беа откриени и одземени забранети предмети и дојде до физички пресметки меѓу полицајците и затворениците.[147] Немирите поттикнаа штрајк со глад меѓу повредените затвореници, кој заврши откако Народниот правобранител и Управата за извршување санкции интервенираа за да ја решат ситуацијата.[148] По ова, Народниот правобранител поднесе кривична пријава, во која се наведуваат наводи за тортура од страна на специјалните сили и затворските службеници.[149]

На почетокот на декември се случи невообичаено бегство од затворот, кога командирот на затворската полиција му наложи на службеник со службено возило да однесе затвореник да врши приватни обврски во деловен објект. И покрај тоа што ја препознал незаконитоста на наредбата, службеникот ја исполнил, оставајќи го затвореникот без надзор, кој потоа избегал. Против двајцата затворски полицајци се поднесени кривични пријави за злоупотреба на службената положба и овластување и за овозможување бегство на лице во притвор.[150]

143 Комитетот за антитортура на Советот на Европа во периодична посета на Северна Македонија, о***фицијална интернет-страница на Советот на Европа***, 17 октомври 2023, https://www.coe.int/en/web/cpt/-/council-of-europe-anti-torture-committee-carries-out-periodic-visit-to-north-macedonia.

144 Тројца полицајци претепале крадец, заработија кривична пријава, ***360*** степени, 20 ноември 2023, https://360stepeni.mk/trojtsa-politsajtsi-pretepale-kradets-zarabotija-krivichna-prijava/.

145 Нова судска одлука што ја санкционира полициската бруталност, 19 декември 2022, https://mhc.org.mk/news/nova-sudska-odluka-shto-ja-sankcionira-policiskata-brutalnost/.

146 Потврдена првостепена пресуда за полициски службеници за малтретирање во вршење на службата, официјална интернет-***страница на МЗМП***, 23 ноември 2023, https://myla.org.mk/49666/?fbclid=IwAR0EBB3KhpQ1aSeAjMs5RL8AR-wx1X5hP095qeI5aEyPmsvwUPe48OFryeSU.

147 Десетина повредени полицајци и затвореници во пресметка во затворот „Идризово“, Канал 5, 28 октомври 2023, https://kanal5.com.mk/desetina-povredeni-policajci-i-zatvorenici-vo-presmetka-vo-zatvorot-idrizovo/a608298.

148 Над 200 затвореници од „Идризово“ денеска го почнаа и го прекинаа штрајкот со глад, ***360*** степени, 31 октомври 2023, https://360stepeni.mk/nad-200-zatvorenitsi-od-idrizovo-deneska-go-pochnaa-i-go-prekinaa-shtrajkot-so-glad/.

149 Тешка година за учениците – кривична пријава за тортура врз затворениците најави Зибери, Телма ТВ, 27 декември 2023, https://telma.com.mk/2023/12/27/teshka-godina-za-uchenicite-krivichna-prijava-za-tortura-vrz-zatvorenicite-najavi-ziberi/.

150 Го извадиле од затвор да си врши приватни работи, а овој им избегал, Скопје инфо, 22 декември 2023, https://skopjeinfo.mk/go-izvadile-od-zatvor-da-si-vrshi-privatni-raboti-ovoj-im-izbegal.

## Заштита на лични податоци

Кон крајот на октомври, Агенцијата за заштита на личните податоци (АЗЛП) го организираше првиот циклус консултации за изработка на новата Стратегија за заштита на личните податоци 2024-2030 година, која се подготвува со експертска помош преку инструментот TAIEX и се очекува да биде донесена во 2024 година.[151]

## Слобода на мислата, совеста и религијата

Поставувањето крст со висина од 15 метри од страна на Македонската православна црква во манастирски комплекс во општина Тетово предизвика драстични реакции во јавноста и меѓу политичките партии, при што политичката партија Демократска унија за интеграција (ДУИ) соопшти дека поставувањето на крстот е сериозна провокација што ги нарушува вредностите на социјалната кохезија.[152] По барањето на градоначалникот на Тетово за отстранување на крстот,[153] Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи ги повика граѓаните на будност и воздржаност, а повика и на мудрост во раководењето со институциите што добија мандат од граѓаните да градат хармонично мултикултурно општество.[154] На крајот, општина Тетово одлучи да го урне крстот, бидејќи се работи за градба подигната без соодветно овластување, но не прецизираа кога ќе се случи тоа.[155] Кон крајот на годината беше организиран протест на кој се бараше уривање на крстот. Сепак, протестот привлече само неколку граѓани, откако беа објавени јавни повици да не се создаваат меѓунационални и меѓуверски тензии во интерес на политичките партии пред изборите во 2024 година.[156]

---

151 Остварен првиот циклус на консултации за подготовка на новата Стратегија за заштита на личните податоци 2024-2030 година, официјална интернет-***страница на Агенцијата за заштита на лични податоци на РСМ***, 26 октомври 2023, https://bit.ly/3S84OPg.

152 Остри политички реакции за поставениот крст во дворот на црквата на Попова Шапка, ***360*** степени, 16 ноември 2023, https://360stepeni.mk/ostri-politichki-reaktsii-za-postaveniot-krst-vo-dvorot-na-tsrkvata-na-popova-shapka/.

153 Биљал Касами ги обвинува СДСМ и ДУИ за поставениот крст на Шапка, Алсат М, 17 ноември 2023, https://alsat.mk/mk/bilal-kasami-gi-obvinuva-sdsm-i-dui-za-postaveniot-krst-na-shapka/.

154 Комисијата за верски заедници ѝ порача на Општина Тетово да нема селективен пристап кон верските обележја, ***360*** степени, 17 ноември 2023, https://360stepeni.mk/komisijata-za-verski-zaednitsi-i-poracha-na-opshtina-tetovo-da-ne-ma-selektiven-pristap-kon-verskite-obelezhja/.

155 Општина Тетово донела решение за уривање на крстот во дворот на манастирот на Попова Шапка, Фокус, 26 декември 2023, https://fokus.mk/opshtina-tetovo-donela-reshenie-za-urivane-na-krstot-vo-dvorot-na-manastirot-na-popova-shapka/.

156 Неуспешен собир против крстот на Шапка, Ангелов им се заблагодари на Албанците, ***Mkd.mk***, 29 декември 2023, https://mkd.mk/neuspeshen-sobir-protiv-krstot-na-shapka-angelov-im-se-zablagodari-na-albanczite/.

## Слобода на изразување

Основниот граѓански суд Скопје неодамна ги прогласи за одговорни за клевета Лабораторијата за истражувачко новинарство (ИРЛ) и нејзиниот главен уредник во тужба поднесена од поранешен вицепремиер.[157] Оваа одлука предизвика критики од новинарските здруженија, вклучително и од Здружението на новинари на Македонија (ЗНМ)[158] и од Самостојниот синдикат на новинари и медиумски работници (ССНМ),[159] кои оценија дека пресудата е напад на слободата на изразување.[160] Загриженост изрази и Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ААВМУ), нагласувајќи дека е важно уредувачката содржина да ги исполнува професионалните стандарди.[161] Поради ова дојде до протест на новинарските здруженија под тема „Правата на граѓаните пред интересите на моќните".[162]

Кон крајот на октомври, извештајот на мисијата за слобода на печатот насловен „Слободата на медиумите во Република Северна Македонија: Кревок напредок" истакна загриженост поради одложеното именување на членовите на Советот на ААВМУ и на Програмскиот совет на Македонската радио-телевизија (МРТ) поради недостаток на политички консензус. Во извештајот се препорачани активности како што се создавање јавен фонд за поддршка на медиумите врз основа на објективни критериуми и со целосна независност, одржување на забраната за државно рекламирање, носење закон против стратешки тужби против учество на јавноста (СЛАП) и зајакнување на одговорноста на политичарите за непријателските изјави и однесување кон новинарите и медиумските работници.[163]

157 ИРЛ не се осудени за клевета, осудени се затоа што постојат, 10 ноември 2023, https://irl.mk/irl-ne-se-osudeni-za-kleveta-osudeni-se-zatoa-shto-postojat/.

158 ЗНМ: Објавена срамната пресуда против ИРЛ за судијката Спировска Панева. Новинарите во ИРЛ не се новинари и може да се соочат со забрана за работа, Радио МОФ, 11 ноември 2023, https://www.radiomof.mk/znm-objavena-sramnata-presuda-protiv-irl-za-sudijkata-spirovska-paneva-novinarite-vo-irl-ne-se-novinari-i-mozhe-da-se-soochat-so-zabrana-za-rabota/.

159 ССНМ: Пресудата против ИРЛ е загрозување на слободата на изразување, судот не смее да кажува кој е новинар, Радио МОФ, 11 ноември 2023, https://www.radiomof.mk/ssnm-presudata-protiv-irl-e-zagrozuvanje-na-slobodata-na-izrazuvanje-sudot-ne-smee-da-kazhuva-koj-e-novinar/.

160 ЗНМ, ССНМ и СЕММ: Скандалозна пресуда на судијата Јованка Спировска Панева за новинарите – Реагира и меѓународната јавност, официјална интернет-страница на ЗНМ, 25 октомври 2023, https://bit.ly/3So90jV.

161 Слободата на изразување е уставно гарантирана категорија и како таква е неприкосновена, реакција на ААВМУ за пресудата против ИРЛ, *360* степени, 12 ноември 2023, https://360stepeni.mk/slobodata-na-izrazuvane-e-ustavno-garantirana-kategorija-i-kako-takva-e-neprikosnovena-reaktsija-na-avmu-za-presudata-protiv-irl.

162 Судот нема право да одредува кој смее да работи како новинар – ЗНМ и ССНМ утре на протест пред Граѓанскиот суд, Радио МОФ, 16 ноември 2023, https://www.radiomof.mk/sudot-nema-pravo-da-odreduva-koj-smee-da-raboti-kako-novinar-znm-i-ssnm-utre-na-protest-pred-gragjanskiot-sud/.

163 Рикардо Гутиерез и други, Слобода на медиумите во Северна Македонија: напредок на стаклени нозе, ЗНМ, 2023, https://znm.org.mk/wp-content/uploads/2023/10/EN-Fact-Finding-PFM-Report-251023-web.pdf.

## Ранливи групи и начелото на недискриминација

Во октомври, Република Северна Македонија го донесе Законот за системот за проценка на лицата со попреченост, кој регулира различни аспекти на процената на попреченоста, вклучително и структура на организацијата, лиценцирање и финансирање.[164]

Подоцна во декември, Владата ја донесе Националната стратегија за правата на лицата со попреченост 2023-2030 година, со Акциски план за 2023-2026 година, и изводи 46 милиони евра за подобрување на состојбата за сите категории на лица со попреченост.[165]

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (КСЗД) претрпе измени. Се избраа нов претседател и заменик-претседател, по начелото на ротирачко претседателство.[166] Понатаму, за комплетирање на составот на КСЗД, на осми ноември во Службен весник на Република Северна Македонија беше објавен јавен оглас за избор на четворица членови.[167] Во пресрет на јавната расправа за утврдување на предлог-листа за избор на членовите, што се одржа на 18 декември во Собранието,[168] Мрежата за заштита од дискриминација (МЗД) го повтори барањето до Собранието да се изберат независни кандидати врз основа на заслуги што ги исполнуваат законските критериуми и кои го одразуваат составот на општеството, наместо да се направи избор врз основа на припадност на политичка партија.[169] Од вкупно 25 кандидати, Собраниската комисија за прашања на изборите и именувањата предложи наставничка во основно училиште, социјален работник маж и двајца адвокати (жена и маж).[170] На ваквата нацрт-листа реагираше МЗД, која соопшти дека само еден од предложените кандидати е независен експерт кој ги исполнува законските критериуми. Преостанатите се членови на политички партии без доволно искуство во областа на човековите права и заштитата од дискриминација[171] и најавија претставка до Уставниот суд за начинот на избор.[172]

КЗСД ги поздрави измените на Законот за пријавување на постојан и привремен престој на граѓаните[173] и на Законот за лични карти.[174] Овие измени сега овозможуваат и лицата без доказ за

164 Закон за системот за проценка на лицата со попреченост, Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 209/2023 година.

165 Владата ја усвои новата Национална стратегија за правата на лицата со попреченост 2023-2030, официјална интернет-*страница на Влада на Република Северна Македонија*, 28 декември 2023, https://vlada.mk/node/35646.

166 КСЗД со нов претседател, официјална интернет-страница на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, 27 октомври 2023, https://bit.ly/424GHdA.

167 Јавен оглас за избор на членови на КСЗД, официјална интернет-страница на Комисијата за *спречување и заштита од дискриминација*, 9 ноември 2023, https://bit.ly/49gmlAD.

168 Комисиска расправа за предлог-листата за избор на членови на КСЗД, *24.mк*, 18 декември 2023, https://24.mk/details/komisiska-rasprava-za-predlog-listata-za-izbor-na-chlenovi-na-kszd.

169 Собранието да избере независни професионалци кои ги исполнуваат законските услови за членови на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, *официјална интернет-страница на Мрежата за заштита од дискриминација*, 13 декември 2023, https://mzd.mk/mk/vesti/sobranie_kszd/.

170 Комисијата за именувања и избори ја утврди предлог-листата за членови на КСЗД и членови на други комисии, *24info.mk*, 21 декември 2023, https://bit.ly/3O995pc.

171 Мрежата против дискриминација ги оспорува кандидатите за членови на Комисијата за заштита од дискриминација, Телма ТВ, 23 декември 2023, https://telma.com.mk/2023/12/23/gragjanskiot-sektor-gi-osporuva-kandidatite-za-komisija-ta-za-diskriminacija/.

172 Претставка до Уставен суд за начинот на избор на членови на Комисијата за антидискриминација, Канал 5, 23 декември 2023, https://kanal5.com.mk/pretstavka-do-ustaven-sud-za-nachinot-na-izbor-na-chlenovi-na-komisijata-za-antidiskriminaci-ja/a617838.

173 Закон за изменување и дополнување на Законот за пријавување на живеалиштето и престојувалиштето на граѓаните, Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 209/2023.

174 Закон за изменување и дополнување на Законот за личната карта, Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 209/2023.

сопственост на имот да регистрираат адреса на живеење.[175] Ваквите измени се направија откако КЗСД достави мислење во кое се наведе дека постои индиректна дискриминација врз основа на имотната состојба и социјалното потекло, а во областа на правдата и администрацијата што ја врши МВР.[176]

КЗСД изрази загриженост за прашањето со испораката на учебници во основните училишта.[177] Констатирано е дека недостигаат третина од учебниците потребни за образовниот процес, што е основа за тужбата што ја подготвуваат против Министерството за образование и наука (МОН).[178]

Исто така, беше истакнато дека нема доволно образовни асистенти за средношколците со попреченост. И покрај задоцнетото соопштение на МОН за планираниот Закон за средно образование, кој има цел да го реши овој проблем, законската регулатива сѐ уште не е поднесена до Собранието.[179]

Апелациониот суд Скопје потврди[180] директна дискриминација на лицата со попреченост при остварување на нивното избирачко право, извршена од Владата на Република Северна Македонија и Државната изборна комисија.[181]

Истражувањето „Барометар на еднакви можности 2023" откри широкораспространета дискриминација, при што секој трет испитаник е дискриминиран по најмалку една од основите што се предмет на истражувањето, главно врз основа на политичка припадност (77%), потоа етничка припадност (53%), попреченост (49%), возраст (42%), религија и верување (42%) и пол (40%).[182]

175 Измени на Законот за престојувалиште и живеалиште и на Законот за лична карта, официјална интернет-***страница на КСЗД***, 16 октомври 2023, https://bit.ly/3vCqHTY.

176 Мислење бр. 08-401/13, Комисија за спречување и заштита од дискриминација, 29 август 2023, https://kszd.mk/wp-content/uploads/2023/08/08-401-од-29.08.23-утврдена-дискриминација.pdf.

177 Шаќири: До крајот на неделата сите ученици ќе добијат учебници, Сител ТВ, 2 октомври 2023, https://sitel.com.mk/shakjiri-do-krajot-na-nedelata-site-uchenici-kje-dobijat-uchebnici.

178 Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ќе го тужи Министерството за образование оти нема учебници, Сакам да кажам, 5 октомври 2023, https://sdk.mk/index.php/dopisna-mrezha/komisijata-za-sprechuvane-i-zashtita-od-diskriminatsija-ke-go-tuzhi-ministerstvoto-za-obrazovanie-oti-nema-uchebnitsi/.

179 КСЗД сторија – Уште едно полугодие без образовни асистенти за средношколците со попреченост!, ***официјална интернет-страница на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација***, 2 ноември 2023, https://bit.ly/3U30Crc.

180 Владата и Државната изборна комисија извршија директна дискриминација на лицата со попреченост при остварувањето на своето избирачко право, официјална интернет-***страница на Хелсиншкиот комитет за човекови права на Република Северна Македонија***, 1 септември 2022, https://bit. ly/3hHEqSk; Основниот граѓански суд утврди дека Владата и ДИК ги дискриминирале лицата со попреченост, ***официјална интернет-страница на Хелсиншкиот комитет за човекови права на Република Северна Македонија***, 19 април 2023, https://mhc.org.mk/news/osnovni-ot-graganski-sud-utvrdi-deka-vladata-i-dik-gi-diskriminirale-licata-so-poprechenost/.

181 Потврдена е директната дискриминација врз лицата со попреченост при остварување на нивното право на глас од страна на Владата и Државната изборна комисија, официјална интернет-***страница на ХКЧП на РСМ***, 20 декември 2023, https://bit.ly/3vJJIUp.

182 Фани Кимова, Извештај „Барометар за еднакви можности", ***Македонски центар за меѓународна соработка***, 23 ноември 2023, https://mcms.mk/images/2023/Barometar_za_ednakvi_moznosti_-ENG.pdf.

## Род

Во 2023 година, Република Северна Македонија го објави својот втор Индекс за родова еднаквост, со 64,5 поени, највисока меѓу земјите од Западен Балкан, а сепак 3,5 поени под просекот на ЕУ-27. Зголемувањето на индексот на земјата за 2,5 поени во текот на три години се припишува на законските и политичките промени во однос на родовата еднаквост. Сепак, и понатаму остануваат предизвици поради неконзистентно спроведување на таквите политики, недоволни финансиски ресурси, проблеми со властите, класификацијата на работните места и влијанието на лицата одговорни за спроведување на различни активности во институциите.[183]

На средината на декември, КЗСД идентификуваше директна дискриминација од страна на Советот на јавни обвинители против јавна обвинителка поради нејзините лични карактеристики и социјален статус. Предметот вклучуваше ситуација во која таа била одбиена на два огласа за вработување на работно место во Вишото јавно обвинителство Скопје поради нејзината возраст и породилно отсуство. КЗСД препорача Советот во иднина да се воздржува од дискриминаторски практики кон јавните обвинители. Покрај тоа, го повика поранешниот претседател на Советот јавно да се извини за сторената дискриминација во рок од 30 дена.[184]

Друг пример на дискриминација поврзана со бременост беше пријавен во октомври, каде што вработена во невладина организација (НВО) се соочи со дискриминација, вознемирување и виктимизација од страна на нејзиниот работодавач и колега, што ја натера КЗСД да утврди дискриминација врз основа на бременост, пол и личен и семеен статус во областа на работата и работните односи.[185]

## Говор на омраза

Според податоците од ХКЧП, тие добиле 805 пријави за говор на омраза од јануари до септември 2023 година, при што невладината организација поднела пет кривични пријави. Сепак, говорот на омраза сѐ уште не е дефиниран како посебно кривично дело во македонскиот правен систем.[186]

183 Марија Башевска, Индекс на родова еднаквост за Северна Македонија 2022, Европски институт за родова еднаквост (EIGE), 2023, https://eige.europa.eu/sites/default/files/documents/Gender%20Equality%20Index%20for%20North%20Macedonia%20%282022%29.pdf.

184 Советот на јавни обвинители тешко ја дискриминирал обвинителката Ленче Ристоска, треба јавно да ѝ се извини, утврди Антидискриминациската комисија, Сакам да кажам, 14 декември 2023, https://bit.ly/3u2l6Wv.

185 Во седми месец од бременоста ѝ кажале дека ќе ја бркаат од работа, на бебето не му дале здравствено осигурување, а на нејзиното место го поставиле колегата што сексуално ја вознемирувал, Сакам да кажам, 17 октомври 2023, https://bit.ly/48Fp3zu.

186 Годинава 805 нови пријави за говор на омраза, делото сѐ уште не е прецизно регулирано, Радио МОФ, 13 октомври 2023, https://www.radiomof.mk/godinava-805-novi-prijavi-za-govor-na-omraza-deloto-s%d1%90-ushte-ne-e-precizno-regulirano/.

## Роми

Со последните измени на Законот за матична евиденција[187] се реши прашањето за лицата кои не се евидентирани во матичната книга на родените, а кое особено ја засегаше ромската заедница. До крајот на годината, 526 лица добија извод од матичната книга на родените благодарение на овие промени.[188] Невладината организација „Ромалитико“ ја поздрави оваа иницијатива и изјави дека тие лица веќе не се „невидливи“ за државата и конечно добиваат правно признавање и пристап до образование, здравство и вработување.[189]

Потоа, истата невладина организација го објави својот Извештај во сенка за спроведувањето на Стратегијата за Ромите. Во извештајот се заклучува дека речиси секој град во државата има супстандардни населби во кои живее ромско население. Овие населени места немаат основна инфраструктура, а жителите живеат во несоодветни и често нелегализирани станови. Животната средина е загадена, што негативно влијае на нивното здравје и придонесува за намален животен век во ромската заедница.[190]

187 Закон за изменување и дополнување на Законот за матична евиденција, Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 129/2023.

188 Конечно 526 лица добија изводи: Ги немаше во системот на државата, Фактор, 19 декември 2023, https://faktor.mk/konechno-526-lica-dobija-izvodi-gi-nemashe-vo-sistemot-na-drzavata?fbclid=IwAR18DNjSCbvNEqo77FNxVkTOgvHYNLYLGSb-Cu0AsZkE_h8cSVSQphHmtvQg.

189 300 граѓани без лични документи добија своја идентификација, Радио МОФ, 21 декември 2023, https://www.radiomof.mk/300-gragjani-bez-lichni-dokumenti-dobija-svoja-identifikacija/.

190 Ромалитико: Ромите во Македонија живеат во супстандардни услови и импровизирани живеалишта, ***Телма ТВ***, 28 декември 2023, https://telma.com.mk/2023/12/28/romalitiko-romite-vo-makedonija-zhiveat-vo-supstandardni-uslovi-i-improvizirani-zhivealishta/.

